РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 18-520/4
24-11-2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Извештај**
**за извршен надзор на законитоста на**
**работата од областа на животната средина на**
**општина Тетово за 2022**

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 18-1092/2 од 16.02.2021 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 18-521/2 од 17.03.2022 година, на ден 13.10.2022 година изврши надзор на законитоста на работата во општина Тетово.

Надзорот е извршен врз основа на претходна најава до општината Тетово од страна на министерството и тоа за следните области од законите за животна средина:

1. Постапка за одобрување на елаборати за животна средина
2. Постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола
3. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на управување со отпадот.
4. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на заштита на водите.
5. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на заштита од бучава во животната средина

Претставници на општината Тетово присутени при вршењето на надзорот беа: Фатиме Абдурамани, Томислав Јоргушевски, Саџиде Реџа, Јулијана Пенева, Назиф Јашари, Мирослав Симоски, Слаѓана Падиловска, Роберт Стојменов, Дарко Коцевски.

**Во однос на првата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје која се однесува на спроведување на постапката за одобрување на елаборати за животната средина комисијата утврди дека:** во општина Тетово се спроведува постапката за одобрување на елаборати за заштита на животната средина. Се увиде дека се води регистер на одобрани елаборати. Има писмено овластување од страната на градоначаникот за лицето кое ги одобрува елаборатите.

**По однос на втората точка која се однесува на спроведување на постапката за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи од страна на комисијата е утврдено дека:** Согласно активностите кои произлегуват од Законот за животна средина општината се изјасни дека во изминатиов период имаат издадено една Б-Интегрирана еколошка дозвола како дел од проект во соработка со Министертвото за животна средина, притоа немаа податоци дали таа дозвола е потпишана од надлежен орган (општината). Издадена е дозвола за млекара Сентис АГ ДООЕЛ. Не е пресметан надоместок за барањето за дозвола ниту за поседување на дозволата. Се задолжи општината да се достави информација дали изработената проектната дозвола е валидизирана и доколку е, потребно е да се достави истата како би станала дел од

регистерот кој го води Управата при Министертвото за животна средина и просторно планирање.
Се утврди дека во општината сеуште нема овластено одговорно лице за издавање на Б-интегрираните еколошки дезволи со писмено овластување од градоначалникот, што им беше укажано дека треба да се направи.

<u>По однос на обврските согласно Законот за животна средина :</u>

- Нема донесен нов ЛЕАП, и за истиот нема формирано тело за следење на иплеменатција на ЛЕАП-от.
- Општината нема донесено надворешен план за вонредни состојби согласно член 154 од ЗЖС.
- Општината има донесено план за спроведување на инспекциски надзор за 2022 година и за истиот имала доставувано извештаи.
- Општината има назначено лица како овластени инспектори за животна средина и тоа 7 лица, и истите поседуваат лиценца за работа.
- Општината не води соодветни катастри согласно член 42 (5) од ЗЖС и не доставува податоци за одржување на катастрите до МЖСПП.
- Општината ја информира јавноста и објавува на веб страната случаите на надминување на дозволените емисии и другите случаи за загадување на животната средина.
- Општината доставува податоци за мониторинг.
-Општината Тетово нема реализирано меѓуопштинска соработка со друга општина во обласа на животна средина, а во минатото имала со општина Јагуновце.

<u>Согласно третата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од Законот за управување со отпадот</u>

- Општината нема донесено регионален план за управување со отпад.

-Од страна на општината Тетово немаме одговор за прашањето дали градоначалникот ги исполнува обврските согласно член 28 од Законот за управување со отпадот кој се однесува на управувње со комуналниот и другиот неопасен отпад.

-Општината се има изјаснето дека: Советот на општината Тетово има денесено одлука за согласност за склучување на договор за соработка за воспоставување на регионален одбор за управување со отпад на регионално ниво.

- Општината членува во меѓуопштински одбор за управувување со отпад.

-Согласно член 45 ос ЗУО за интегрирана мрежа за управување со отпад општината се изјаснила дека има изнајмено локација која се користи како претоварна станица.

-Општината Тетово има основано јавно претпријатија (ЈП Тетово-Тетово) за собирање, транспортирање или третман на комуналниот и на другите видови неопасен отпад согласно член 60 од ЗУО.

-Се изјасни дека: Советот на општината Тетово има предлог од страна на градоначалникот, врз основа на општите правила донесени согласно со члeновит 37 и 51 од овој закон, детално ги има пропишано условите, начинот и шемите за собирање и за транспортирање на комуналниот отпад во рамките на интегрираниот систем за

управување со отпад на подрачјето на општината и има вклучено изолираните населби од членот 6 став (1) точка 6 од овој закон.

-Во општина Тетово имале определено локација за поставување на садови за отпад од пакување од стакло а нема локација каде ке се постават садови за собирање и селектирање на отпадот со кои ќе се овозмжи селектирање и на опасниот отпад од домаќинствата, согласно обврските во рамките за закон за проширена одговорност на производители.

-Општина нема одговорено дали Градоначаникот води грижа за исполнување на обврската, селектирање на отпад, од страна на давателите на услугата во соработка со постапувачите со посебни текови на отпад.

- Општината не води Катастар за својата територија, во кој се евидентираат создавачите на неопасен отпад согласно член 101 од ЗУО.

- Согласно член 102 од ЗУО општината ги исполнува обврските за објавување на податоци кои се однесуваат на состојбата во управување на отпадот, за постигнатиот напредок, и идните активности за подобрување на состојбата со управувањето со отпадот.

-Согласно член 11 од ЗПОП Општината ги спроведувала обврските за соработка со производителите на посебни текови на отпад самостојно или преку колективен постапувач со цел поттикнување на одделно собирање на отпадни производи воспоставување на собирни центри и посебна инфраструктура за одделно собирање.

- Општината се изјасни дека има формирано општинска депонија (Русино) за неопасен и за интерен отпад, но истата не поседува дозвола.

- Се изјасни дека Градоначалникот на општината ја исполнува обврската според која е должен да склучи договор со колективен постапувач за отпад од пакување но се нема изјаснето со кој постапувач има склучен договор како собирач за отпад од пакување.

Нема одговор на прашањето дали Градоначаникот доставува до стручниот орган извештаи за тоа колку се постигнати целите утврдени во договорот согласно член 42 став 4.

Општината Тетово се изјаснија дека ги спроведувале обврските за соработка со производителите на посебни текови на оптад, самостојно или преку колективен.

Со тоа што им биле објавени на веб страницата склучениот договор за електронски отпад и имало и собирно место,

-за тексил,и гуми од искористени возила немала склучено договор.

-за отпад од батерии и акомулатори се изјаснија дека се уште нема колективен собирач на подрачјето на општина Тетово кој ке може да го собира овој вид на отпад ( бидеќи немало нова фирма која има целосна мрежа на подрачјето на цела држава),

-Нема одговор за прашањето дали Градоначаникот доставува до стручниот орган извештаи за тоа колку се постигнати целите утврдени во договорот

<u>Согласно четвртата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Тетово од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од Законот за водите</u>

- Во општината Тетово има основано ЈКП кој има прибавено водно право согласно член 23 и член 24 и за истиот има дозвола за користање на вода со архивски број УП1-11/5-396/2020 од 11.12.2020 3352/1.
- Општината се изјасни дека не утврдува при издавање на Б- интегрираните еколошки дозволи дали за дејностите и активностите на инсталацијата е издадена потребна дозвола согласно членовите 26, 28 и член 79 од ЗВ.
- Општината Тетово во урбанистичките планови на општината не ги прикажувала картографски заштитните зони, согласно член 98 став 4 ЗВ.
- Општина Тетово има донесено Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадини води согласно член 114 од ЗВ.
- Заштитини зони согласно член 96 став 2 општината Тетово има опрделено за изворите од Попова Шапка, има одлука за потребата и определување на заштитна зона и општината има потреба од прогласување на нови заштитни зони за површинските води од изворите од Лешница, постапка е во тек.
- Општината ги исполнува обврските за одведување и собирање на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајќи го и отстранувањето на тињата и врши пречистување на отпадните води согласно член 113 од ЗВ.
- Општината согласно Законот за води се изјасни дека ги исполнува обврските согласно член 116 да обезбеди ефлуентите од индустриските отпадни води кои што влегуваат во системите за собирање и прочистување на урбани отпадни води да бидат подложни на потребниот предтретман, со тоа што во тек била изградба на печистителна станица WWTP инвестирана од УНДП.
- Општината се изјасни дека имала донесено Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ.
- Општината имала донесено оперативен план за заштита и одбрана од поплави, како акционен план за чистење на реките на подрачјето на општина Тетово за 2022 со бр.08-10981/56 од 28.09.2022год.
-Општината се изјасни дека презема потребни мерки за заштита и одбрана од поплави и за заштита од друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја преку акциониот план каде биле наведени критични точки како течението на река Пена и дел испод ул. Љуботенска со должина од 1165м.
-Општината Тетово ги исполнувала обврските согласно член 143 од ЗВ, за доставување и објавување извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.
- Општината ги исполнувала обврските согласно член 141 од ЗВ за да ги превземе мерките за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачје.
- Согласно член 137 од ЗВ општината ги исполнувала обврските и преземала мерки за заштита на ерозивни подрачја и исто така имала определено граници на ерозивни подрачја.
- Општината го определила крајбрежниот заштитен појас за водотеците согласно член 131 и го имала уредено крајбрежниот појас согласно член 132 од ЗВ.
- Општината секоја година до крајот на септември вршела проценка на подрачјето кое е под нивна надлежност дали водотеците се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и обезбедуваат непречен проток на водата согласно член 133.

- Општината нема донесено Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ и редовно доставува податоци до министерството од мониторинг од локалната мрежа.
- Општината Тетово имала реализираи 165 инспекциски надзори за 2022 година согласно член 229.
- Општината обезбедила вода за пиење и ја овозможувала нејзината заштита со третирање и хлорирање на водата со хлор.
- Се изјасни дека: Во општината има основано јавно претпријатие за вршење на дејноста и работењето и одржувањето на системите за водоснабдување и снабдувањето со вода за пиење согласно член 185 од ЗВ.

**Согласно петата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Тетово , од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од областа на заштита од бучава во животната средина :**

- Општината не превзема никакви активности за имплементација на Законот за бучава од својата надлежност согласно законот.

**Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршење на надзорот ги увиде следниве недостаци кои е потребно општината да ги отклони и за тоа да го извести министерството, и даде неколку препораки:**

- Се препорачува вработените во одделението за заштита на животната средина и понатаму да работат согласно законските прописи и да ги опфаќаат сите надлежности од областа на животната средина кои ги има општината, а кои произлегуваат пред се од Законот за животна средина, Законите за управување со отпадот, Законот за водите, Законот за заштита од бучавата во животната средина и останатите закони од областа на животната средина.

Систематизирано е одделение за заштита на животната средина и природа со 7 работни места од кои дел се пополнети со извршители на работни задачи од областа на животната средина, но некои од нив воопшто не работат на областа на животната средина. Се препорачува да се зголеми бројот на вработени кои ке работат конкретно на оваа област.

-Да се донесе нов ЛЕАП

-Општината да ја исполни обврската согласно член 154 од ЗЖС, да се донесе надворешен план за вонредни состојби.

**Во областа на ВОДИТЕ комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:**

-Општината преку формираното јавно комунално претпријатие да прибави Дозвола за испуштање отпадни води или за испуштање или фрлање материи и супстанции во реципиентите согласно член 79 од ЗВ. За останатите населени места во општина Тетово за водните тела за кои не е прибавена дозвола од кои се користи вода за консумирање од страна на човекот, а за кои не се прибавени дозволи согласно член 26 и 28, истите потребно е да се прибават.

- Општината Тетово согласно член 98 став 4 ЗВ во урбанистичките планови на општината потребно е да ги прикажува картографски заштитните зони на изворот Рашче од причина што заштитните зони на изворот Рашче се протегаат и на територија на општина Тетово. Исто така, по донесување на Одлуката за заштитни зони за

изворите од Попова Шапка од страна на Владата на РСМакедонија во урбанистичките планови на општината потребно е да се прикажуваат картографски и овие заштитни зони.

- Општината согласно член 114 од ЗВ да врши одведување и собирање на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајќи го и отстранувањето на тињата и да врши пречистување на отпадните води согласно член 113 од ЗВ.

-Согласно член 124 од ЗВ потребно е Општината да донесе Програма за заштита од штетно дејство на водите во која се предвидуваат превентивни мерки, изградба на заштитни објекти и постројки и изведување на работи за заштита од штетно дејство на водите (изградба на насипи, акумулации, регулација на реки, уредување на порои, заштита на земјиште од ерозија, пошумување и сл.), а согласно член 123 да ги преземат мерките за заштита и одбрана од поплави и за заштита од друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја. Потребно е општината да изработи, доставува и објавува извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.

-Општината секоја година до крајот на септември да врши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и обезбедуваат непречен проток на водата согласно член 133.

- Изработениот Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја да се достави до Министерство за животна средина и просторно планирање и истиот да се спроведува.

- Општината да го определи крајбрежниот заштитен појас за водотеците за кои не е определен истиот во населените места согласно член 131 и да го уреди согласно член 132.

-Општината на територијата под нивна надлежност по определување на границите на ерозивни подрачја и подрачјето загрозено од ерозија и утврдување на мерки потребно е да ги презема мерките за заштита на ерозивни подрачја согласно член 136 и член 137 од ЗВ како и да ги превземе мерките за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачја согласно член 141 од ЗВ.

-Општината потребно е да донесе Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ и редовно да доставува податоци од мониторинг согласно член 156 ЗВ.

**<u>Во областа на ОТПАДОТ комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:</u>**

Се задолжува Градоналалникот на општината да ја исполни обврската која произлегува од член 42 став (4) од Законот за проширена одговорност на производителите, за воспоставување на собирни центри и друга инфраструктура за одделно собирање и селектирање на посебни текови на отпад, при што е должен да склучи Договор со колективен постапувач кој поседува Дозвола за колективно постапување со посебни текови на отпад (отпадни батерии акумулатори, отпадна електрична и електронска опрема, вклучувајќи го и текстилот, отпадни гуми и моторни масла кои се опфатени со истоимениот закон но имаат одложена примена согласно член 72 од закон за посебни текови со отпад)

Да отпочне со изготвување на консолиридан извештај со податоци доставени од правни и физички лица кои вршат дејности на собирање, транспортирање, складирање третман, преработка, отстранување и промет на отпад, и да го достави до МЖСПП согласно член 39 од ЗОУ.

- да се достави информација до министерството која локација во општината се употребува за отстрнување на инертен отпад.

- Општината да отпочне со водење Катастар на својата територија, каде ќе се евидентираат создавачите на неопасен отпад.

**<u>Во областа на БУЧАВАТА комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:</u>**

Потребно е да почнат да се спроведуваат обврските од Законот за заштита од бучава во животната средина.

**Во областа на издавањето на Б-ИЕД комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:**

Потребно е да се овласти и обучи лице кое ке ги одобрува Б-ИЕД и да се отклонат недостатоците кои се евидентирани и дадени како забелешки.

-Во рок од 6 месеци Општина Тетово треба да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање за превземените активности согласно утврдените недостатоци во однос на имплементацијата на надлежностите.

Скопје, 2022 година

Комисија:
Тања Кироска Филиќ____________________
Лумни Јашари________________________
Ирена Николоска_____________________

Членови на комисијата кои учествуваа во извештајот:
Даниела Ристова,______________________
Даниела Наумоска, ____________________